# COMPARATIVE ANALYSIS OF ONLINE LOANS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Marina Blazhekovikj Toshevski**
St. Kliment Ohridski University – Bitola, R. Macedonia, marina.blazekovic@yahoo.com

**Abstract:** When the customer can not realize the goals from his own resources, then he starts using other sources of funding even though the conditions for their use are less favorable.
In this paper, will be made an analysis of online (fast) loans in the Republic of Macedonia. Below are the conditions that they offer, their characteristics, advantages and disadvantages as well as their concern for the users. Also, will be made a comparative analysis between certain online (fast) loans offered in the Republic of Macedonia. These are non-bank financial institutions that provide customers quick and easy solutions in case of short-term financing. These are companies oriented towards users who actively work to fulfill the established good practices in relations with them and impose their fast performance as a market norm.
**Keywords:** loans, non-bank financial institutions, online loans.

# КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ОНЛАЈН КРЕДИТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Марина Блажековиќ Тошевски**
Универзитет Св. Климент Охридски – Битола, Р. Македонија, marina.blazekovic@yahoo.com

**Резиме:** Кога корисникот не може да ги реализира целите од сопствени извори на средства, тогаш пристапува кон користење на туѓи извори на финансирање и покрај тоа што условите за нивно користење се понеповолни.
Во овој труд ќе биде направена анализа на онлајн (брзите) кредити во Република Македонија. Во продолжение ќе бидат прикажани условите кои ги нудат, нивните карактеристики, предности и недостатоци како и нивната грижа кон корисниците. Исто така ќе биде направена и компаративна анализа помеѓу одредени онлајн (брзи) кредити кои се нудат во Република Македонија. Станува збор за небанкарски финансиски институции кои на корисниците им обезбедуваат брзи и лесни решенија при потреба од краткорочно финансирање. Тоа се компании ориентирани кон корисниците кои активно работат за исполнување на утврдените добри практики во односите со нив и нивното брзо работење го наметнуваат како пазарна норма.
**Клучни зборови**: кредити, небанкарски финансиски институции, онлајн кредити.

## 1. ВОВЕД

Поради финансиската криза во светот, се повеќе луѓе имаат потреба од ефективен начин за подмирување на тековните трошоци, токму таков начин е добивање на онлајн кредит.
Но какви се всушност предностите при апликацијата за онлајн кредити спроти банкарските кредит и физичката апликација за кредит во канцеларијата на кредитната институција?
Има неколку точки кои го дефинираат високото мислење на корисниците на услугата онлајн кредит,така што главните од нив се:

- При онлајн кредит не ни е потребно да одиме физички до канцелариите на банките или кредитната институција, бидејки сите процеси на нашата апликација за кредит може да биде завршена пред нашиот компјутер.Само треба да додадеме трансакциона сметка каде што ке бидат префрлени средтсвата.
- Брза обработка на нашите документи за одобрување на онлајн кредит и исто така сериозна предност што и покрај повисоките камата при кредит од небанкарски институции се покажува сосема доволна за луѓето да го преферираат токму овој метод на финансирање.
- Единствен документ кој ни е потребен при аплицирање за онлајн кредит е лична карта и да сме полнолетен македонски државјанин. Ова се поштедува од сите оние документи кои банките ги бараат за да ни ја дадат дури и најмалата сума,што ни дава повеќе време да се занимаваме со нашите активности и да ги заработите парите со кои се очекува да го исплатиме нашиот кредит.

- Онлајн кредит се дава и без докажување на приходи, нешто што ретко ќе го сретнеме при аплицирање на потрошувачки кредит во банка.Тоа спасува мноштво луѓе кои останале на кратко без работа и бараат начин да се справат со овој предизвик во најкус можен рок.
- Политиката на кредитните институции при обезбедување на услугата онлајн кредит на своите клиенти е да даваат релативно мали износи и тоа за кратко време, со што би се избегнале конфузни ситуации, во случај да не успееме да го исплатиме својот кредит.

## 2. УСЛОВИ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОНЛАЈН КРЕДИТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Откако веќе корисннкиот имаме одлучено да аплицираме за кредит, следниот чекор е да ја одбереме институцијата во која ке аплицираме. Изборот на институцијата зависи од неколку фактори:

- Од тоа колку итно ни требаат парите
- Дали може да отсуствуваме од работа за да аплицирате на место т.е во просториите на некоја финансиска или нефинансиска институција
- Дали имате жирант или не.

Ако избереме да аплицираме во банка аплицирањето може да одземи 2-3 дена, па и повеќе. Ако немаме време и бараме брзо решение најдобрата варијанта е да се обратиме кон небанкарските финансиски институции за кредит. Небанкарските финансиски институции за кредит услугите ги направија максимално достапни и лесни за нивните клиенти.Ние можеме да аплицираме онлајн и да ги добијаме пари само за неколку минути.Важно е дасе знае дека ако аплицираме за кредит не се потребни гаранции и жиранти. Испраќањето на барањето за кредит е бесплатно.Во процесот на аплицирањето ќе бидеме подобро запознаени со условите и роковите на исплата на кредитот. Целиот процес трае само неколку минути и за неколку минути добиваме одговор.

## 3. ФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ КОИ НУДАТ ОНЛАЈН КРЕДИТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во Република Македонија постојат неколку небанкарски финансиски институции кои нудат онлајн кредити.

Аплицирањето за овој вид на кредит е брзо и онлајн за сите корисници, а разликата меѓу нив се однесува на условите за аплицирање, износот што може да се добие, рокот за отплата на кредитот како и каматата што се плаќа за користење на овој вид на кредит. Најчесто сите овие институции нудат бесплатен кредит кога аплицирањето е прв пат.

Во продолжение следи табела во која е направена компаративна анализа на онлајн кредитите кои ги нудат финансиски институции во Република македонија, според нивните карактеристики, однос о начин на апликација, услови потреби за да се добие кредитот, износот на кредитот, рокот за отплата како и висината на капматат која што се плаќа.

***Табела 1. Компаративна анализа на онлајн (брзите) кредити во Р. Македонија***

| | Апликација | Услови | Кредити | Рок на отплата | Камата |
|---|---|---|---|---|---|
| CREDISSIMO | Бесплатно и онлајн | -да бидеш полнолетен -државјанин на Р.М -да имаш сопствени приходи кои можеш да ги докажеш | -Credissimo до плата(од 3.000 до 20.000денари) | -од 15 до 30 дена | -0% |
| | | | -Credissimo плус(од 6.000 до 80.000денари) | -од 3 до 24 месеци | -9% |
| FORZA | Бесплатно и онлајн | - од 18 до 70 години -да бидеш државјанин на Р.М -редовни приходи | -Кредит до плата(од 3.000 до 20.000денари) | -од 7 до 30 дена | -од 10% до 25 % |
| TIGO | Бесплатно и онлајн | -да имаш 20 години -државјанин на Р.М | -Кредит со еднократна исплата(од 2.000 до 20.000 денари) | -од 7,14 или 30 дена | -0% |
| | | | -Кредит со повеќекратна отплата( од 2.000 до 60.000денари) | -од 3,6,12,или 24 месеци | -10% |
| MCASH | Бесплатно и онлајн | -да бидеш полнолетен -државјанин на Р.М | -Кредит М-фикс(до 70.000денари) | -од 3 до 12 месеци | -10% |
| MoneyMAX | Бесплатно и онлајн | -да бидеш полнолетен -државјанин на Р.М | - Потрпшувачки кредити(минимум 3.000 денари) | -до 12 месеци | -1% |
| | | | -Кредит со рачен залог(од 3.000 до 300.000 денари) | -до 1 месец | -фиксна каматна стапка |
| | | | -Автомобилски кредит( 50% од вредноста) | -до 24 месеци | -фиксна каматна стапка |
| IUTEcredit | Бесплатно и онлајн | -да бидеш полнолетен -државјанин на Р.М | -Потрошувачки кредит (од 3.000 до 30.000 денари) или (од 3.000 до 70.000 денари) | -од 1 до 12 месеци | -од 0% до 10% |

Извор: веб страни на вклучените финансиски институции во компаративната анализа

Земајќи ги предвид нивните карактеристки , вклучени во анализата може да се заклуќи дека нивната цел е да се овозможиме поедноставен пристап до финансиите преку побрза и потранспарентна форма на кредитирање на клиенти кои своите финансиски потреби не можат да ги обезбедат преку тековната понуда на банкарски производи.

Нивните производи и услуги се дизајнирани да им овозможат на луѓето да ги задоволат своите финансиски потреби преку регулирана и стандардизирана платформа за кредитирање која се интегрира во нивните секојдневни активности.Со брзиот развој на мобилната и интернет технологијата, тие се во можност да им понудат на нивните клиенти финансиски производи кои се адаптирани на нивните потреби.

**4. ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА**

Работењето на овие компании е регулирано со Законот за финансиски друштва[145], додека во поглед на каматите законската камата се определува со Законот за облигациони односи[146] каде тие се јасно дефинирани, што значи дека работењето на овие компании е во согласност со закон.

отворањето на овие финансиски друштва во земјата се овозможи со Законот за финансиски друштва донесен кон крајот на 2010 година и тие сѐ уште се многу мал дел од вкупната економија.

Според Министерството за финансии, предлагач на Законот, потребата од влез на овие финансиски друштва на пазарот, тие треба да претставуваат дополнување на кредитната активност на банките, особено за клиентите со ограничен пристап до кредитите на банките поради нивните поконзервативни кредитни политики.

Законот не им дозволува на овие финансиски друштва да прибираат пари од депозити од граѓани и фирми, туку се финансираат доминантно од сопствен капитал и резерви или пак се задолжуваат со краткорочни кредити во банките.

**4. ЗАКЛУЧОК**

Брзите кредити се флексибилно и адекватно решение на финансиските потреби на секој човек. Користени правилно, тие можат да станат постојан извор на средства за да се задоволат различните потреби и неочекуваните трошоци. Од ова истражување може да се заклучи дека за да се стигне до брз кредит е брзо, лесно, едноставно, бесплатно, онлајн , без жиранти и со минимална документација за разлика од банкарските кредити каде што треба да се исполнат повеќе услови за да се стигне до кредит. Ваквите видови кредити може да помогнат во различни ситуации. Непредвидените трошоци се неизбежен дел од денешниот динамичен живот. Колку и внимателно да сте ги испланирале трошоците сепак излегува нешто што не сте го очекувале. Кога корисникот не сака да губи денови и седмици за да аплицира во банка, брзиот кредит е практично решение на итната потреба од пари, станува збор за секунди или минути, исклучително кратки рокови за кои бараниот износ на пари е на располагање.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Закон за финансиските друштва, Службен весник на РМ, бр. 158 од 09.12.2010 година
[2] Закон за облигациони односи, Сл. весник на Р Македонија бр. 18 од 5.03.2001 год.
[3] https://credissimo.mk
[4] https://forza.mk
[5] https://www.tigo.mk
[6] https://mcash.mk
[7] https://www.moneymax.mk/home
[8] https://iutecredit.mk

[145] Закон за финансиските друштва, Службен весник на РМ, бр. 158 од 09.12.2010 година
[146] Закон за облигациони односи, Сл. весник на Р Македонија бр. 18 од 5.03.2001 год.